Архивски број: 08-287/16
14-08-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-287/1 од 06.04.2023 година поднесена од [redacted] од Прилеп преку полномошник адвокат [redacted] од Прилеп, против Борче Јовчески, градоначалник на Општина Прилеп, Совет на Општина Прилеп, [redacted] од Прилеп и Училишен одбор при Општинско основно училиште [redacted] Прилеп, претставуван од претседател [redacted] од Прилеп, за сторена дискриминација врз основ на политичко уверување во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), на 14.08.2023 година го донесе следново:

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основ на политичко уверување во областа на работата и работните односи од страна на градоначалникот на Општина Прилеп, Борче Јовчески, Совет на Општина Прилеп, претставуван од [redacted] од Прилеп и Училишен одбор при Општинско Основно училиште [redacted] Прилеп, претставуван од претседател [redacted] од Прилеп кон лицето [redacted] од Прилеп.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка со архивски број 08-287/1 од 06.04.2023 година, од лицето [redacted] од Прилеп, со живеалиште на [redacted] преку полномошник адвокат [redacted] од Прилеп против градоначалник на Општина Прилеп, г-дин Борче Јовчески, Совет на Општина Прилеп претставуван од [redacted] од Прилеп и Училишен одбор при ООУ „[redacted] Прилеп претставуван од [redacted] од Прилеп, за заштита од дискриминација врз основ на политичко уверување во областа на работата и работните односи.

Имено, согласно изнесеното во претставката подносителката била [redacted] на ООУ „Блаже Конески" Прилеп. По промената на локалната власт во 2021 година, подносителката продолжила со работа како директор во училиштето и покрај неколкукратното повикување од страна на градоначалникот да си даде оставка со

образложение дека со новата локална власт тој има законско право да именува свои директори на основните и средни училишта под надлежност на локалната самоуправа.

На седница на Советот на Општина Прилеп одржана на 15.04.2022 година донесена е Одлука за неусвојување на годишната сметка на ООУ „Блаже Конески" без образложение. Врз основа на ова Градоначалникот поднел Барање со кое од Училишниот Одбор при ООУ "Блаже Конески" Прилеп бара да отпочне постапка за разрешување на директорката. Во претставката се истакнува дека за разлика од вака донесената одлука од страна на Советот за сите останати основни и средни училишта во Општина Прилеп годишните сметки биле усвоени.

На 15.06.2022 година ООУ „Блаже Конески" Прилеп до градоначалникот доставило писмен поднесок со Прегледи за барање согласности за вработување на наставен и ненаставен кадар, за што тогашната директорка на училиштето, односно подносителката на претставката била известена од Министерството за образование и наука дека од Општина Прилеп не се доставени барањата за согласности само за ООУ „Блаже Конески".

Понатаму согласно наводите, градоначалникот на 23.11.2021 година, дал овластување да се изврши ad hoc ревизија на усогласеност на постапките и ревизија на успешноста во работењето на постапките за јавни набавки за 2020 година во ООУ „Блаже Конески", а врз основа на писмена наредба исто така од градоначалникот, градежна инспекција при Општина Прилеп на 02.12.2021 година извршила вонреден инспекциски надзор со цел да се утврди дали во училиштето се извршувале одредени градежни активности, при што не се констатирани градежни активности спротивни на Законот за градење.

Градоначалникот на 29.09.2022 година до ООУ „Блаже Конески" доставил Решение за разрешување на подносителката од должноста директор на ООУ „Блаже Конески" Прилеп. Против наведеното Решение подносителката вложила жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, која ја уважила жалбата, го поништила обжаленото Решение и го вратила предметот на повторно постапување и одлучување пред првостепениот орган. Комисијата констатирала дека градоначалникот не постапил согласно Законот за основно образование и Законот за општа управна постапка, односно не била запазена постапката за разрешување.

На 08.11.2022 година донесено е ново, второ Решение за разрешување, при што Градоначалникот не ги земал во предвид напатствијата од Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и донел Решение без нов предлог за разрешување до Училишниот Одбор на училиштето. Подносителката повторно поднела жалба против сега веќе второто Решение за разрешување, а Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ја уважува жалбата и дала напатствија Училишниот Одбор со правилна примена на материјалното и процесно право да ја спроведе постапката за разрешување на жалителката доколку има релевантни докази дека

постојат некои од основите за разрешување, а потоа да донесе законит акт на кој му претходи целосно и правилно утврдена фактичка состојба, па врз основа на истиот Градоначалникот би донел ново решение.

Покрај горенаведените укажувања, Градоначалникот на 06.02.2023 година, по трет пат донел Решение за разрешување кое е обжалено, а пред Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во тек е жалбената постапка.
Дополнително на изнесеното, Градоначалникот донел Решение со кое на Училишниот Одбор на ООУ „Блаже Конески“ Прилеп му наложил да отпочне постапка за распишување на јавен оглас за избор на директор, но до денес Училишниот Одбор не постапил по така донесеното Решение, ниту Градоначалникот презел мерки во врска со таквото непостапување. Во претставката се наведува дека подносителката на претставката за разлика од актуелниот в.д директор на ООУ „Блаже Конески“ Прилеп, таа има положено испит за директор па со евентуално објавување на оглас за избор на директор смета дека би била единствен избор.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 11.04.2023 година испрати Известување бр. 08–287/4 за произнесување по наводи во претставка до Борче Јовчески, градоначалник на Општина Прилеп, Известување бр. 08-287/2 за произнесување по наводи во претставка до Совет на Општина Прилеп и Известување бр. 08–287/3 за произнесување по наводи во претставка до Училишен Одбор на ООУ „Блаже Конески“ Прилеп.

На 03.05.2023 година до Комисијата пристигна произнесување број 03-1396/3 од Градоначалникот на Општина Прилеп, како одговор на претставката. Во краткото и нејасно произнесување се наведува дека од содржината на претставката е јасно дека подносителката е незадоволна од поведени легитимни постапки и донесени соодветни одлуки од страна на Градоначалникот на општината, Советот на Општина Прилеп и Училишниот Одбор на ООУ „Блаже Конески“ Прилеп. Градоначалникот истакнува дека постапувањето според закон и во рамките на своите надлежности не значи дискриминација и вознемирување и предлага претставката да биде отфрлена како неоснована.

На 04.05.2023 година до Комисијата е доставено произнесување број 02-253/4 по наводите во претставката од страна на Училишниот Одбор на ООУ „Блаже Конески“ Прилеп. Во одговорот се отфрлаат сите наводи за дискриминација а наводите за непостапување по одлуки за распишување на јавен оглас за избор на нов Директор, се неточни. Училишниот Одбор на 24.03.2023 година закажал седница со точка на дневен ред - Распишување на јавен оглас, но поради недоволен број на присутни членови, истата не е одржана. Училишниот Одбор истакнува дека поднесениот предлог до Градоначалникот за разрешување на Директорот е во согласност со законските

прописи, а во одговорот упатува на неправилности во финансиското работење на тогашната Директорка, подносителката на претставката [redacted].

На 08.05.2023 година во Комисијата пристигна произнесување број 09-1396/4 од Претседателот на Советот на Општина Прилеп, [redacted]. Во одговорот се наведува дека согласно член 36 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа, Советот има надлежност да ги усвојува извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби, кои ги основала општината, додека тој како Претседател согласно член 48 од истиот Закон има обврска да ги потпишува прописите што ги донел Советот. Дополнително, Претседателот на Советот во одговорот тврди дека во моментот кога точка на дневен ред била Одлуката за усвојување на годишните сметки на ООУ „Блаже Конески" Прилеп, за 2021 година, биле присутни 24 членови на Советот и согласно Записникот од одржаната седница на 15.04.2022 година како Претседател констатирал дека со 9 гласови „ЗА" и 15 гласови „ПРОТИВ", Одлуката не е усвоена.

Заради соодветно утврдување на фактичката состојба, Комисијата согласно член 30 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација поднесе Барање бр. 08-287/8 до подносителката на претставката, преку нејзиниот полномошник и Барање бр. 08-287/10 до Градоначалникот на Општина Прилеп, со кои побара дополнителни податоци за тоа дали против подносителката на претставката е поднесена кривична пријава или е заведена кривична постапка пред надлежен суд, а во врска со извршувањето на законските обврски во време на вршењето на функцијата директор на ООУ „Блаже Конески" Прилеп. Во таа смисла, на 17.07.2023 година пристигна одговор од страна на подносителката на претставката, во кој се наведува дека до денес против подносителката на претставката, [redacted], во врска со извршувањето на законските обврски во време на вршењето на функцијата директор на ООУ „Блаже Конески" Прилеп не е поднесена никаква кривична пријава и не е заведена никаква кривична постапка пред Основен суд Прилеп или било кој друг суд во Република Северна Македонија. На 03.08.2023 година пристигна одговор број 03-2594/2 од Градоначалникот, во кој исто така се потврдува дека не е поведена никаква постапка пред надлежен суд против [redacted] од страна на Општина Прилеп и Градоначалникот што не ја исклучува можноста во случај да се утврдат или се дојде до сознанија и факти за прекршување на законите да бидат поведени вакви постапки.

Согласно член 9 од Уставот на Република Северна Македонија:
*„Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.*
*Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви."*

Согласно став (1) од член 5 од Законот за основно образование ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 161/2019 и 229/2020) *во основното воспитание и образование се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното образование.* Во став (2) алинеја 7 е уредено дека *се забранува секој облик и вид на дискриминација во основното образование и тоа, меѓудругото и во управувањето и учеството во органите и телата на училиштата.* Согласно став (6) од овој закон *ЗАШТИТАТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА СЕ ОБЕЗБЕДУВА СОГЛАСНО СО ПРОПИСИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА.*

Во член 106 од истиот закон се уредува дека *Орган на управување на основното училиште е училишниот одбор*, а во член 18 став (1) алинеја 6 е утврдено дека *Училишниот одбор на основното училиште објавува јавен оглас за избор на директор во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик*, понатаму во алинеја 7 дека *врши интервју со кандидатите за директор*, а во алинеја 8 *предлага на градоначалникот на општината односно на министерот еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор.* Во член 109 став (1) од законот се уредува дека *Орган на раководење во основното училиште е директорот,* а во ставот (2) дека *Директорот е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето.* Надлежностите на директорот се уредени со член 113 од законот па во став (1) алинеја 1 е уредено дека *директорот го застапува и претставува училиштето и е одговорен за законито работење.*

Понатаму ***во член 116 од Законот за основното образование*** законодавецот ги уредил основите за престанок на мандатот на директорот, па во став (2) се таксативно наведени ***случаите кога директорот на основното училиште се разрешува пред истекот на мандатот, и тоа ако***:

*- направи повреда на одредбите на законите или други прописи и акти, утврдени од Државниот просветен инспекторат или други органи,*

*- му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност,*

*- со правосилна судска пресуда му е изречена казна затвор во траење подолго од шест месеци,*
*- не ја остварува програмата за работа и не се реализираат плановите и програмите за воспитно-образовната работа,*
*- по негова вина е нанесена штета на учениците, на нивните родители односно старатели или на училиштето,*
*- постои доказ за политички притисок од страна на директорот врз вработените и учениците,*
*- дозволи организирање на дејности и активности што се во спротивност со наставниот план и програмите и*
*- дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на училиштето.*

На основа на сето изнесено, Комисијата обрна должно внимание заради правилно утврдување на фактичката состојба, констатирана од фактите изнесени во претставката, произнесувањата по истата и доказите црпени од приложениот обемен доказен материјал. Притоа, во конкретниот случај Комисијата за спречување и заштита од дискриминација најде дека кон подносителката на претставката, [redacted] од Прилеп, во време на вршење на функцијата директор на ООУ "Блаже Конески" Прилеп, а и после тоа е сторено вознемирување од страна на градоначалникот на Општина Прилеп, Совет на Општина Прилеп и Училишен Одбор при ООУ "Блаже Конески " Прилеп, врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи. Наведеното од причина што Градоначалникот најнапред презел дејствија на предупредување во насока на давање на оставка пред истек на нејзиниот мандат, а потоа органите при училиштето и Општина Прилеп, отпочнале и спровеле постапка за разрешување од функцијата директор на ООУ "Блаже Конески" Прилеп со што кон именуваната сториле Вознемирување согласно член 10 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација според кој *Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика*.

Од овие причини, согласно член 21 став (1) точка 14, а во врска со член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ги дава следните

П Р Е П О Р А К И

1. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Градоначалникот на Општина Прилеп, Борче Јовчески, Советот на Општина Прилеп претставуван од [redacted] од Прилеп и Училишниот одбор при ООУ "Блаже Конески" Прилеп претставуван од претседател Деан Крстески од Прилеп, во иднина при спроведување на постапките за кои се надлежни, да се воздржат од превземање на дејствија кои претставуваат вознемирување и истите да ги спроведуваат согласно позитивните законски прописи.

Скопје,
14 .08.2023 година

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**

**Претседател на Комисијата**
**Исмаил Камбери**

Доставено до:
1. [redacted]
2. Градоначалник на Општина Прилеп, „Прилепски бранители" б.б, Прилеп
3. [redacted]
4. Училишен одбор на ООУ „Блаже Конески" Прилеп, ул. „Точила" б.б, Прилеп
5. Архива на КСЗД


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk